# ЗА КИСЕЛА ВОДА
# ГАРАНТИРАМЕ

7

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои забораваат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,
Орце Ѓорѓиевски

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

**ВИЗИЈА ЗА КИСЕЛА ВОДА**

**Кисела Вода за сите луѓе!!!**

## СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПРЕКУ:

- Кисела Вода ќе биде новиот зелен центар на градот Скопје преку изградба нови паркови кои ќе се простираат на повеќе од 70 ha, нови ботанички и урбани градини, нови плоштади, нови комуникациски коридори;
- Кисела Вода нова бизнис-дестинација преку подобрување на деловната средина, отворање нови технолошки развојни зони, зајакнување на локалната економија, земјоделството и туризмот, како и привлекување нови директни инвестиции;
- Кисела Вода - зелена општина, преку развој на екологијата, користење обновливи извори на енергија, комунално опремена, енергетски ефикасна и безбедна средина, заснована на концептот „зелена општина“;
- Кисела Вода - паметна општина, преку дигитализација на сите општински услуги, паметно осветлување, интерактивни табли и развој на модерна, урбана средина, заснована на концептот „паметна општина“;
- развој на Кисела Вода како центар на културата, општина на спортот, здравјето и знаењето, што обезбедува ангажман на разни општествени групи и вклучување на сите социјални категории, општина со развојна перспектива, општина на активни граѓани, економски развиена, инфраструктурно и комунално поврзана внатре и надвор кон сите околни општини, со богати културни, спортски и туристички капацитети, пријатна за живеење, со здрава животна средина.

## ЗА ПРОЕКТИТЕ КОИ СЕ НАВЕДЕНИ ВО ОВАА ПРОГРАМА СРЕДСТВА ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ ОД ПОВЕЌЕ ИЗВОРИ, И ТОА:

- **од буџетот на Општина Кисела Вода** преку скратување на непродуктивните расходи, намалување на даночната евазија преку политика на ниски даноци кои ќе ги плаќаат сите, стимулирање откуп на дворните места од страна на граѓаните и компаниите, приходи од легализација на бесправно изградените објекти кои целосно ќе се легализираат, зголемување на приходите од персонален данок на доход преку зголемување на бројот на вработените во новите зони и подобрување на фискалната дисциплина на даночните и таксените обврзници;
- **јавно приватно партнерство** во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
- **приходи од фондови на ЕУ** преку формирање и обука на посебно одделение за фондови на ЕУ кое ќе аплицира и бара средства од сите европски фондови кои ја помагаат локалната самоуправа;
- **приходи од донатори,** како од домашни донатори така и од земји членки на ЕУ, како и од други земји со кои е воспоставена традиционална соработка, но и барање нови потенцијални донатори;
- **приходи од самопридонес** - за задоволување на определени потреби на граѓаните, во согласност со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, определени проекти може да се финансираат преку самопридонес по претходно спроведен референдум на кој мнозинството граѓани ќе се изјаснат ЗА.

Ова е визијата за Кисела Вода од XXI век кон која се стремиме и која ќе ја оствариме преку предложените проекти во оваа програма доколку ја добиеме вашата доверба!

## НОВИТЕ ГОЛЕМИ ПРОЕКТИ ЌЕ БИДАТ СИМБОЛИ НА КИСЕЛА ВОДА ВО XXI ВЕК

- **„Зона Драчево“ и „Зона Чупријан“**. Најголемиот проблем на граѓаните од Кисела Вода е невработеноста. За решавање на овој проблем ќе се формираат две нови технолошки развојни зони, и тоа „Зона Драчево“ и „Зона Чупријан“ во која ќе се вработат стотици наши сограѓани.



„Зона Драчево“




„Зона Чупријан“

## НОВА НАСЕЛБА ЗА МЛАДИ - ЧУПИНО БРДО.

Вториот горлив проблем е обезбедување станбен простор за младите брачни парови. За решавање на овој проблем Општината ќе испланира, ќе обезбеди инфраструктура и ќе ги продава државните плацови во новата населба Чупино Брдо.




Чупино Брдо

## ПОЛИКЛИНИКА.

Здравствената заштита во Кисела Вода мора да ја подигнеме на повисоко ниво. Недозволиво е во XXI век Општина Кисела Вода да нема поликлиника. За решавање на овој проблем Општина Кисела Вода ќе ја подготви целокупната урбанистичко-планска и градежна документација и ќе ѝ понуди на централната власт да ја изгради. Доколку централната власт одбие, Општина Кисела Вода со сопствени средства, средства од донации и фондови ќе ја изгради и ќе ја предаде на користење на централната власт за управување.

## ЦЕЛОСНО РЕНОВИРАЊЕ НА ТРИ ИГРАЛИШТА ЗА ГОЛЕМ ФУДБАЛ.

Кисела Вода нема тим во првата фудбалска лига. Кисела Вода фудбалските игралишта на „Цементарница“, „Опсиген Драчево“ и ССК „Драчево“ ќе ги понуди на јавно приватно партнерство, на приватни инвеститори, со цел создавање капацитети и услови за врвен спорт. Доколку не се најде приватен партнер, Општината ќе ги реновира овие терени. Кисела Вода во идниот 4-годишен мандат мора да добие тим во првата лига во голем фудбал. Општина Кисела Вода ќе ги поддржува сите спортски клубови во Кисела Вода на транспарентна основа.

## СПОРТСКИ КОМПЛЕКС „ПРЖИНО“.

Фудбалскиот терен на ФК „Славија“ преку јавно приватно партнерство ќе прерасне во спортски комплекс, во кој, покрај терени за врвен фудбал, ќе се изградат и атлетска патека, терен за кошарка и одбојка, качувачката карпа и други содржини кои ќе им овозможат за граѓаните на Пржино и Црниче, но и на сите луѓе на Кисела Вода услови за врвен спорт и рекреација.

## СТОП ЗА УРБАНАТА МАФИЈА.

Непланската урбанизација, урбаната мафија и бетонизацијата во изминатите години ја направија Кисела Вода бетонска џунгла од градби каде што соседите се гледаат еден во друг, градби изградени спротивно на одобренијата за градба и планови носени по нарачка на урбаната мафија. Во првата година од мандатот ќе се направи ревизија на сите донесени планови и ќе бидат променети со директно учество на граѓаните. За плановите кои се во различни фази на донесување ќе се формираат граѓански совети за секој план поодделно и ќе се вратат повторно на јавна анкета пред граѓаните. Сите издадени активни одобренија за градба ќе бидат административно и теренски проверени дали се во согласност

со закон. Секое ново одобрение за градба ќе биде јавно објавено на веб-страницата на Општината со цел зголемување на транспарентноста, но и можноста граѓаните да поднесат жалби и приговори.

### МЕЃУНАРОДЕН КОНКУРС ЗА РАСАДНИК.

Бетонизацијата на Кисела Вода мора да запре. Донесувањето урбанистички планови без согласност на жителите ќе престане. За ДУП „Расадник“ во првите 100 дена од мандатот ќе биде распишан меѓународен конкурс за идејно решение. Најдобрите 3 идејни решенија ќе бидат ставени на увид на сите граѓани на Расадник, а за најдоброто решение ќе одлучи Советот на граѓани од Расадник и стручна комисија составена од меѓународни и домашни експерти.

### ЈУЖЕН БУЛЕВАР - ЈУЖНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО.

Јужниот булевар во Скопје, кој се простира на потегот од Рампа во Кисела Вода, покрај пругите, па сè до булеварот „Србија“ и населбата Градинар, во урбанистичките планови на Скопје егзистира многу децении. Булеварот во изминатиот период не е изграден од причина што на самиот коридор постојат колективни згради и седумдесетина куќи кои треба да се урнат за да се доизгради. Имајќи предвид дека само на 250 m од него е веќе изградениот булевар „Борис Трајковски“, во новиот ГУП за Град Скопје овој булевар во соработка со градот ќе биде заменет со паркови, зеленило и урбана опрема која ќе овозможи разделенување на овој дел од Кисела Вода.

### МЕРНИ СТАНИЦИ ОКОЛУ ЗАГАДУВАЧИТЕ.

Здравата животна средина е животен предуслов за сите проекти. Во наредниот 4-годишен период Општината ќе води бескомпромисна битка со сите големи загадувачи. Мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот, како и мерни станици за бучава ќе бидат поставени околу сите загадувачи, како и во секоја урбана и месна заедница. Општината преку субвенции ќе ги поттикне граѓаните да го заменат огревот на дрва со еколошки грејни тела.

### СУБВЕНЦИИ ЗА ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ.

Загадувањето е еден од најголемите проблеми. Со цел намалување на загадувањето, Општината ќе субвенционира еколошки проекти кои ќе придонесат за намалување на штетната емисија на јаглероден диоксид, ПМ 10 честички  и други емисии од штетни гасови.

## ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ФАСАДИ И ПОКРИВИ.

Кисела Вода е една од најстарите општина во Скопје. Поедини колективни згради се постари и од 60 години со енергетски неефикасни фасади кои го нарушуваат ликот на Општината. Многу од покривите протекуваат и на посилни ветрови постои и можност од нивно паѓање. Во идниот 4-годишен мандат, во соработка со граѓаните, Општината ќе кофинансира изградба на енергетско ефикасни фасади и покриви. Ќе започнеме со најоштетените фасади и покриви и во 4-годишниот мандат ќе обновиме минимум 60 фасади и покриви.

## СОЛАРНИ СИСТЕМИ И КОЛЕКТОРИ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ.

Во Скопје просечно има 280 сончеви денови. Со цел искористување на сончевата енергија во сите основни училишта и градинки, како и објектот на Општината ќе бидат поставени соларни системи и колектори со цел обезбедување бесплатна електрична енергија, односно обезбедување топла вода за потребите на градинките и училиштата. Со реализацијата на овој проект ќе имаме намалување на трошоците за електрична енергија, а ќе придонесеме и за намалување на загадувањето во Општината.

## ЕКО КИСЕЛА ВОДА.

**Еко Кисела Вода** е проект кој, од една страна, треба да ја подигне јавната свест кај граѓаните и компаниите за јавната чистота, а, од друга страна, Општината редовно и навремено да се грижи за одржување на хигиената во Општината. За остварување на овој проект со помош и на невладиниот сектор ќе се спроведат информативни брошури и кампањи за информирање на граѓаните, додека Општината ќе воведе посебен број и е-маил адреса за анонимно пријавување на загадувањето на околината. Сите диви депонии најнапред ќе се исчистат, а со организиран пристап од страна на сите чинители ќе станат минато. Општината на дневна основа ќе ги одржува сите јавни површини со сопствени ресурси, но и преку ангажман на невработени лица и волонтери.

## НОВО УЧИЛИШТЕ.

ООУ „Св. Климент Охридски“ во с. Драчево е целосно девастирано со нарушена статика и го доведува во прашање образовниот процес, како и животот и здравјето на децата и сите вработени во училиштето. Веднаш по стапување на должноста ќе се подготви целокупната градежна документација за изградба на ново учи-

лиште. Со проектната документација ќе се бара негова изградба од Министерството за образование и наука и, доколку одбие, ќе се бараат средства од домашни и меѓународни донатори кои заедно со средства од Општината ќе овозможат изградба на ново основно училиште. Постојниот објект ќе биде претворен во креативно-едукативен центар.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШТА.

Подрачното ООУ „Рајко Жинзифов“ од населбата Пинтија, како и подрачното ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ (подрачно во Црниче) ќе бидат надградени и реконструирани со цел создавање просторни и технички услови за зголемениот број деца.

## КОМПЈУТЕР ЗА СЕКОЈ НАСТАВНИК.

Образованието е иднината, иднината е во образованието. **Компјутер за секој наставник** е проект кој ќе биде реализиран во првата година од мандатот и ќе овозможи наставниците на професионален начин да ги одржуваат часовите. Опремување на основните училишта со наставно-научни средства, реконструкција на постојните и изградба на нови училишта се врвни приоритети.

## ТАБЛЕТ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ.

Проект кој ќе се реализира во согласност со развојот на дигиталното образование и во следниот 4-годишен мандат. Секое дете ќе има пристап до дигиталните образовни содржини преку таблет обезбеден од Општината, односно основните училишта.

## РАНЧЕ ЗА СЕКОЕ ПРВАЧЕ.

Во рамките на унапредување на училишните услови, како и во насока на финансиско олеснување на родителите за првачињата, Општината ќе преземе значителни чекори кои се од заеднички интерес. Секое прваче во сите осум основни училишта на територија од Општина Кисела Вода ќе добива бесплатна училишна чанта, заедно со почетниот училиштен прибор.

## ЗАШТИТА ОД КОВИД 19.

Општината, во соработка со основните училишта, ќе ги преземе сите мерки за заштита на децата во општинските основни училишта и градинки со цел заштита од ковид 19. Обезбедување заштитни средства, заштитни маски и организирање на процесот на наставата во согласност со епидемиолошката состојба во училиштето ќе бидат под посебен мониторинг од страна на

Општината. Децата се нашето најголемо богатство и иднина, па мора максимално да ги заштитиме.

## ПОСТКОВИД ПОДДРШКА И ЕДУКАЦИЈА.

Пандемијата со ковид 19 ни покажа дека здравите навики, спортувањето и здравиот начин на живот се едни од клучните фактори за што полесно надминување на оваа болест. Со цел создавање здрави навики во исхраната и спортот, нашите успешни спортисти ќе држат едукативни часови на учениците и родителите за важноста на спортот и здравата исхрана како предуслов за здрави генерации.

## СЕНЗОРНИ СОБИ И ПРИСТАП НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.

Преку набавка на опрема и градење „сензорни соби“ во мултисензорни простории во сите општински основни училишта, како и обука на кадарот, постепено ќе се решава проблемот со кој се соочуваат децата со потешкотии во развојот од различен тип. Во сите училишта ќе се направи адаптација за пристапност на учениците со попреченост (пристапни рампи и адаптација на тоалетите) со цел целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес.

## НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ.

Во Кисела Вода над 400 дечиња чекаат на прием во градинките. Во првата година од мандатот оваа бројка преку зголемување на капацитетите на постојните градинки ќе ја преполовиме, додека во наредните години преку изградба на две нови градинки, едната во село Драчево другата во урбаниот дел на Кисела Вода, ќе ги задоволиме постојните капацитети, а до крајот на мандатот ќе создадеме капацитети за идните потреби на граѓаните на Кисела Вода.

## SMART CITY.

Градењето на инфраструктура со оптички кабли до секој дом ќе биде заложбата на Општината кон телекомуникациските оператори, а паметното и штедливо управување со јавното осветлување ќе биде составен дел од системот **Smart city.** Паметните Wi-fi киосци, како и паметните апликации за административните услуги кои ги дава Општината ќе придонесат за олеснување на административните бариери за граѓаните и компаниите.

## Е-ОПШТИНА.

Во период од една година ќе се направи дигитализација на сите административни услуги кои ги дава Општината и граѓаните, и компаниите ќе можат да поднесуваат барања и да добиваат документи од Општината по електронски пат. Сите предмети, од денот на приемот до денот на решавање, граѓанинот ќе може да го следи преку веб-страницата на Општината. Закажување состаноци со градоначалникот, како и со администрацијата ќе биде овозможено и по електронски пат. Седниците на Советот на Општина Кисела Вода ќе се емитуваат во живо на социјалните медиуми.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ.

Планирањето на буџетот, како и неговото извршување ќе биде јавно и транспарентно преку веб-страницата на Општината. Во процесот на планирање преку јавен повик ќе се повикаат сите граѓани да достават предлози за буџетот за наредната година. По усвојувањето на буџетот сите проекти кои ќе се реализираат во годината ќе бидат јавно објавени и граѓаните ќе можат да ја видат фазата за реализација (обезбедени средства, распишана јавна набавка, во фаза на изведба и завршен проект). Сите плаќања за сите трошоци ќе бидат јавно објавувани на веб-страницата на Општината.

## МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ.

Ќе се направи децентрализација на поедини услуги кон урбаните и месните заедници со цел граѓаните да можат поедини типови документи да добиваат во месните заедници. Така, граѓаните од Драчево, Пинтија и други оддалечени населби нема да патуваат до Општината за да поднесат барање или извадат документ, туку тоа ќе можат да го направат во месните, односно урбаните заедници.

## РЕШАВАЊЕ НА СИТЕ ПРЕДМЕТИ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА.

Процесот на легализација на бесправно изградени објекти започна во март 2011 година. Многу наши сограѓани си ги легализираа објектите и добија имотен лист. Во првите две години од мандатот сите предмети за легализација ќе бидат решени, со што ќе го завршиме овој историски процес во Кисела Вода.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОТКУП НА ДВОРНИТЕ МЕСТА.

Граѓаните кои ги легализирале своите објекти, како и граѓаните кои имаат легални објекти на државно земјиште, а не се поранешни сопственици, односно немаат корисничко право, имаат право да го откупат државното земјиште од Општината. За оваа законска можност ќе бидат известени преку јавен повик, но и со директни писмени известувања ќе бидат информирани сите граѓани се со цел што поскоро да ја започнат постапката на откуп на дворните места, а со цел добивање имотен лист за земјиштето. Сите започнати постапки ќе бидат решени во најбрз можен рок.

## КВК И ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО С. ДРАЧЕВО ОТВОРЕНИ ЗА СИТЕ.

Култура во изминатиов период беше целосно девастирана, КВК „Кисела Вода“ и Домот на културата во Драчево ќе бидат отворени за сите луѓе, невладини организации, како и за поддршка на креативни лаборатории и хабови. Киното во Кисела Вода и Домот на културата во Драчево повторно ќе станат и кина каде ќе се прикажуваат најновите светски филмови и ќе се одржуваат културни и промотивни настани.

## МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ.

Обезбедувањето паркинг-место во Кисела Вода е едно од најгорливите прашања. Во првата година од мандат ќе започнат да се градат монтажни катни гаражи во Драчево (Парк на бранители), во урбаната заедница Расадник, во урбаната заедница 11 Октомври (згради) и урбаната заедница „Цветан Димов“. Понатаму, на барање од граѓаните продолжуваме со изградба на монтажни катни гаражи во сите населби на Општина Кисела Вода.

## РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР „ПОКРСТИ“.

Покрсти е обичај кој со векови се практикува од граѓаните на Драчево. Покрсти се одвива на вториот ден од Велигден каде што поворката се движи низ границата на населбата и тука во минатото се посетувале камени крстови од кои дел од нив денеска се метални, а дел од нив се прераснати во црковни објекти. Суштината на Покрсти е токму во создавањето на обреден круг со цел да се воспостави  заштита на земјата од неповолни атмосферски појави. Патеката по која се движи народот ќе прерасне во рекреативен центар со патеки, клупи, сеници и друга урбана опрема со цел овој вековен обичај да го добие тоа што го заслужува, а истовре-

мено да прерасне и во рекреативен центар кој ќе го посетуваат туристи како од Скопје така и од странските туристи за да се запознаат со вековните месни обичаи.

### КУЛТУРНО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР „СВ. ЃОРЃИ“.

Црквата Св. Ѓорѓи потекнува од VI век од н.е., односно во време на владеење на големиот император Јустинијан кој е роден во близина на денешен скопски Таор. Во близина на црквата течела кисела вода, по што преданијата говорат дека и името на населбата Кисела Вода е добиено токму по киселата вода. Празникот Ѓурѓовден е патронен празник на Општина Кисела Вода и оваа локација заслужува посебно внимание и облагородување. Веднаш по стапување на функција ќе се пристапи кон измена на ДУП Ј20.7 со цел најнапред урбанистички да се испланира, а потоа и да се реализира овој проект, со што ова место ќе прерасне во рекреативен центар. За реализација на оваа цел целосно ќе се реновираат трите чешми, ќе се изгради парк со соодветни реквизити од трите чешми до црквата Св. Ѓорѓи, ќе се изгради потпорен ѕид кај црквата, а над него и во целото опкружување на црквата ќе се изградат сеници, клупи, скали, а ќе се постави и друга урбана опрема со цел ова историско место да го добие она што го заслужува.

### ДИСЛОКАЦИЈА НА БОЛНИЦАТА НА ЗАВИСНИЦИ.

Веднаш по преземањето на власта ќе отпочнеме постапка за измена и дополна на ДУП за Блок 20.7, со кој градежната парцела 4.68, за која сега е предвидена болницата, ќе ја замениме со зеленило (Д3), парцела која ќе биде составен дел од Рекреативниот центар „Св. Ѓорѓи“. По бришењето на маркицата ќе објавиме рок до кога Министерството за здравство ќе мора да ја дислоцира Болницата со цел реализација на Рекреативниот центар „Св. Ѓорѓи“. Доколку во утврдениот рок не се дислоцира Болницата, Општината ќе ги преземе сите законски мерки за рушење на Болницата и реализација на урбанистичкиот план.

### ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА КИСЕЛА ВОДА.

Кисела Вода, иако е една од најголемите општини во Скопје територијално, таа е покриена со Полициската станица „Пролет“, која се наоѓа во Општина Центар. Општина Кисела Вода ќе ја подготви целокупната урбанистичко-планска и градежно-техничка документација и ќе ја достави до МВР со цел изградба нова полициска станица во Кисела Вода. Доколку МВР не сака да ја изгради, Општина Кисела Вода со сопствени средства, средства

од донации и фондови ќе ја изгради и ќе ја предаде на користење на Министерството за внатрешни работи.

## НОВА ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА ВО КИСЕЛА ВОДА.

Во Кисела вода нема противпожарна единица. Со цел решавање на овој проблем, Општина Кисела Вода ќе изготви градежно- техничка документација и во соработка со Градот Скопје ќе изгради нова противпожарна станица во Кисела Вода.

## ГАСИФИКАЦИЈА НА СИТЕ УЧИЛИШТА И ИНДУСТРИСКИ КАПАЦИТЕТИ.

Користењето на евтин енергенс кој не ја загадува животната средина е еден од приоритетите на Општина Кисела Вода. Во рамките на 4-годишниот мандат Општината ќе ги гасифицира сите основни училишта и градинки, а ќе ја донесе и урбанистичко-проектна документација за гасификација на сите индустриски капацитети да се поврзат на гас, кој веќе поминува низ Кисела Вода.

## ПОВРЗАНА КИСЕЛА ВОДА.

Кисела Вода е најнеповрзаната општина како внатрешно во една населба така меѓу населбите така и со соседните општини. За надминување на овој проблем најнапред ќе се направи забрзана урбанизација на патните коридори. Урбанизација на патните коридори ќе овозможи пробивање нови улици во рамките на населбите, како и меѓу населбите во Кисела Вода, воведување систем на еднонасочни улици и кружни текови, но и сообраќајно поврзување со соседните општини Аеродром и Центар во соработка со Градот Скопје.

## ТРИМ-ПАТЕКА ОКОЛУ КИСЕЛА ВОДА.

Трим-патека околу Кисела Вода е повеќегодишен проект кој треба да им овозможи на граѓаните пешки или на велосипед да ја обиколат Кисела Вода. Патеката ќе се простира од Пржино преку Припор, Усје, Пинтија, Драчево (еден крак ќе продолжи кон Пеленица), па назад покрај пругите, населбата Градинар, па сè до постојната трим-патека кај булеварот „Србија“. Првиот дел од проектот кој ќе се реализира во овој мандат е поврзување со пешачка патека од Пржино до Припор. Патеката ќе започне од стадионот во Пржино и ќе се води преку Гоцево Чешмиче до црквата Св. Ѓорѓи, а потоа ќе продолжи до населбата Припор. Патеката ќе биде оплеменета со клупи и друга урбана опрема.

## ВЕЛО КИСЕЛА ВОДА.

Кисела Вода е општина со најмалку велосипедски патеки во градот. Во соработка со Градот Скопје ќе изградиме минимум 20 km велосипедски патеки кои ќе овозможат велосипедско поврзување на Кисела Вода со општините Центар и Аеродром.

## ИНКЛУЗИВНА ОПШТИНА.

Македонија е потписничка на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност. На територијата од Општина Кисела Вода егзистираат повеќе специјални институции за потребите на лицата со попреченост за кои Општината ќе даде посебна поддршка. Во согласност со Конвенцијата, Општина Кисела Вода ќе овозможи пристап на овие лица до сите општински институции на еднаква основа со другите, пристап до просторната околина, транспортот, паркингот, пристап до информациите и комуникациите вклучувајќи и до информатичките и комуникациските технологии и системи од општинска надлежност, како и до други капацитети и услуги отворени или обезбедени за јавноста во урбаните и во руралните области.

## ЗАТВОРЕН ПАЗАР ВО КИСЕЛА ВОДА.

Веднаш до паркот „Македонија“, спроти маркетот Тинекс, егзистира пазарче во супстандардни услови. Со цел овозможување на граѓаните пристојно место за набавка свежи зеленчук и овошје, ќе се пристапи кон целосна реконструкција на пазарчето и негова изградба по европски терк.



Сегашно пазарче



Нов затворен пазар

## ЗАТВОРЕН НОВ ПАЗАР ВО ДРАЧЕВО.

Драчево ќе добие затворен пазар по европски терк. Сегашниот пазар во Драчево е во приватна сопственост. По преземање на функцијата ќе се стапи во контакт со сопственикот на пазарот со

цел да се видат неговите бизнис-планови за изградба на затворен пазар со исполнување на сите стандарди. Доколку приватниот сопственик нема намера да изгради затворен пазар, ќе се пристапи кон избор на нова локација и изградба на нов затворен пазар по европски терк. Драчевчани заслужуваат да имаат пристојно место за пазарење.

## МОТОКРОС ВО ДРАЧЕВО.

На местото каде што имаше порано мотокрос-патека, локацијата Дупки, млади ентузијасти, вљубеници во мотокросот, момците од Мотоклубот „Драчево", со сопствени финансиски средства и со сопствени раце креираа и изработија нова мотокрос-патека. Општина Кисела Вода оваа граѓанска иницијатива ќе ја помогне, ќе ја урбанизира и ќе ја догради со потребната инфраструктура на оваа патека со цел да го вратиме професионалниот мотокрос спорт во Драчево. Општината ќе обезбеди простории за Мотоклубот „Драчево".




## ЗАТВОРЕН ПЛИВАЧКИ БАЗЕН.

Покрај патека за мототрки, во месноста Дупки ќе се гради и спортски комплекс со затворен пливачки базен. Општина Кисела Вода ќе го изгради овој спортски комплекс преку јавно приватно партнерство кој ќе овозможи на граѓаните од Драчево можност за рекреација и спортување на вода.

## КРЕАТИВНИ ЛАБОРАТОРИИ И ХАБОВИ.

Општината ќе поттикне формирање креативни лаборатории и хабови. Целта на овој проект е да придонесе за здружување на креативните граѓани од нашата општина со цел создавање услови за креирање технолошки иновативни решенија за потребите на

Општината и поширока заедница, а со крајна цел поттикнување на претприемништво и директно и неселективно поттикнување на формирање креативни кластери. Креативните лаборатории и хабови ќе бидат линк со надворешните регионални и европски хабови, а ќе помагаат во обука и стекнување вештини за самовработување, развој на прототипи и техничко-технолошки решенија.

## ПОСЕБЕН ПАКЕТ-МЕРКИ.

Сите инвестиции се добредојдени во Кисела Вода, како за странските така и за домашните инвеститори. Општината во рамките на своите надлежности, во локалните даноци и комуналните такси, ќе направи пакети-мерк за компаниите кои ќе инвестираат во Кисела Вода.

## БОТАНИЧКА ГРАДИНА.

Ботаничка градина со различни видови растенија во која посетителите ќе може преку телефонска апликација и скенирање на QR кодови да дознаат повеќе за сите видови растенија; можност за нови работни места, обука на граѓаните за одгледување растенија, поттикнување на свеста за зелен и хуман град и можност да се купат растенија и граѓаните да ги засадат во своите домови.

## УРБАНИ ГРАДИНИ СО МОЖНОСТ ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ.

Проект во кој граѓаните vo партнерство со Општина Кисела Вода дел од девастираните зелени простори во урбаниот дел од Општината ќе ги претворат во урбани градини со можност за самовработување. Во овие градини ќе се одгледува овошје и зеленчук, а граѓаните ќе можат сами да дојдат да го наберат потребното овошје и зеленчук, да го измерат на вага и да го платат на самото место. Свежо овошје за сите, можност за самовработување, приход на Општината и најважното - ПОВЕЌЕ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ ВО КИСЕЛА ВОДА.

## ПРЕЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХ.

Антибактериски филтер во секоја училница е исклучително важен проект, особено во услови на пандемија и училници исполнети со 30 и повеќе ученици. Општината со сопствени средства, средства на училиштата, како и средства од донаторите ќе обезбеди пречистувачи за воздух во сите основни училишта, но и во детските градинки во првата година од мандатот. Со прочистувачите на воздух ќе се подобрат условите за работа и во жешките денови

кои сè почесто ги имаме, почнувајќи од крајот на април, па сè до почетокот на октомври.

## СКЕЈТ- И АДРЕНАЛИНСКИ ПАРКОВИ.

Во Кисела Вода ќе изградиме спортско-адреналински парк. Адреналинскиот парк ќе има качувачката карпа, скејт-парк, како и други придружни содржини на урбана опрема. Адреналинскиот парк ќе биде под мониторинг на сертифицирана фирма според стандардот EN 15567. На овој начин ќе се гарантира безбедноста на граѓаните кои би се рекреирале во адреналинскиот парк.

## РЕКОНСТРУКЦИИ НА УЛИЦИ.

Кисела Вода е општина која во XXI век сè уште има неасфалтирани улици, додека раскопани и полни со дупки налик на голф-терен се речиси сите улици од општинска надлежност. Веднаш по преземање на раководењето со Општината ќе се направи детален скрининг на секоја улица за нејзината состојба во делот на асфалтот и неговата оштетеност, како и други податоци кои ќе влезат во новиот Регистар на улици и инфраструктури во Кисела Вода. По направениот скрининг ќе се направи акциски план за реконструкција на улиците, а паралелно ќе започнат и активности пред меѓународните донатори и кредитори за обезбедување средства за што повеќе улици да бидат опфатени. Ќе градиме по план, започнувајќи од најоштетените улици и до крајот на мандатот нема да има повеќе дупки и кал во Кисела Вода.

## ВОДОВОДИ И КАНАЛИЗАЦИИ.

Во Кисела Вода, во голем дел од урбаните и месните заедници, граѓаните сè уште имаат проблеми со водоснабдувањето, а наместо канализациски системи се користат септички јами. Во новиот Регистер на улици и инфраструктури ќе влезат податоци за состојбата со водоснабдување (притисок, опфат) за секоја улица, како и состојбата со фекални и атмосферски канализации. По направениот скрининг ќе се направи акциски план за поставување водоводни и канализациони системи по улици, а паралелно ќе започнат и активности пред меѓународните донатори и кредитори за обезбедување на средства за што повеќе системи бидат направени. Ќе градиме по план, започнувајќи од улиците каде што воопшто нема водоводни и канализациски системи и до крајот на мандатот нема да има повеќе граѓани без приклучок на водоводен или канализациски систем во Кисела Вода.

## УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Во Кисела вода сѐ уште имаме улици во кои нема јавно осветлување, иако сите граѓани плаќаат комунална такса за јавно осветлување. Во идниот 4-годишен мандат ќе се постави нов систем за осветлување и постојните светилки ќе бидат заменети со систем од ЛЕД штедливи светилки, кој, покрај огромната заштеда на електрична енергија и добивање природно осветлување на јавните површини, овозможува и паметно користење на осветлувањето во зависност од годишните времиња, но и од дневните метеоролошки услови.

## ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА.

Во Кисела Вода сѐ уште постојат урбани заедници каде што нема повеќенаменски спортски игралишта за граѓаните коишто сакаат да спортуваат. Населбите Пржино, 11 Октомври (бараки), Драчево, Расадник, Усје и Пинтија во идниот 4-годишен мандат ќе добијат повеќенаменски спортски терени. Постојните повеќенаменски игралишта редовно ќе се одржуваат.

## ДЕТСКИТЕ КАТЧИЊА.

Веднаш по преземање на раководењето со Општината ќе се направи детален скрининг за состојбата на постојните реквизити во детските катчиња во Кисела Вода. Во соработка со граѓаните ќе предложиме и нови локации за детски катчиња и сето тоа ќе влезе во новиот Регистар на улици и инфраструктура. До крајот на мандатот во сите населби во Кисела Вода ќе се реставрираат сите постојни детски катчиња, а ќе се изградат и многу нови детски катчиња со најмодерни реквизити.

## НОВИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО.

Сите постојни паркови во општинска надлежност ќе бидат ревитализирани и одржувани и за секој парк ќе се назначат комунални редари. Во идниот 4-годишниот мандат ќе се проектираат, а потоа и ќе започнат со изградба паркови во Расадник до 10 ha, Припор до 50 ha, Рекреативен центар „Св. Ѓорѓи“ до 1 ha, Цветан Димов до 1 ha, 11 Октомври (бараки) до 1 ha, Пржино до 1 ha, Драчево до 1 ha, Градинар до 1 ha, 11 Октомври (згради) до 1 ha, Спортско-рекреативен центар „Покрсти“ до 1 ha, Пинтија до 1 ha, Усје до 1 ha; или сѐ заедно до 70 ha нови паркови и зеленило во Кисела Вода.

## СТАЦИОНАР ЗА КУЧИЊА.

Во Кисела Вода граѓаните имаат сериозен проблем со кучињата скитници. Иако Општината издвојува средства за третман кучињата скитници преку Градот Скопје, изминативе години сме сведоци на многу случаи на наши граѓани кои се каснати од куче. Со цел хуман третман на кучињата скитници, како и можност за нивно посвојување, Општина Кисела Вода ќе изгради стационар за кучиња, со што ќе се реши овој повеќедецениски проблем на граѓаните од Кисела Вода.

## ФОНД ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ И НЕСРЕЌИ.

Кисела Вода ќе отвори посебна донаторска сметка во која, покрај средства од Општината, ќе можат да се уплаќаат и средства од граѓаните и компаниите. Целта на овој фонд е обесштетување на граѓаните од евентуални елементарни непогоди, како и помош за лекувања во странство и помош во случаи на пожари или поплави.

## СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР „РАСАДНИК“.

Веднаш по стапување на функцијата ќе се обратиме до Владата со цел предавање на корисничкото право на Спортската сала „Расадник“. Преземањето на оваа единствена сала со таков капацитет во Кисела Вода е со цел таа целосно да се реновира, како со сопствени средства така и со јавно приватно партнерство. Покрај салата, со донесувањето на ДУП „Расадник“ ќе се предвидат и други рекреативни содржини во овој спортски комплекс. Кисела Вода мора да добие спортска сала по сите светски стандарди во која ќе се одвиваат врвни домашни и меѓународни натпревари, Дополнително и затворен пливачи базен.

## УСЈАНСКИ КАНАЛ.

Усјанскиот канал изминативе четири години е целосно девастиран и запуштен. Во првата фаза ќе се направи целосно чистење, додека во втората фаза и негово делумно затворање.

## СТОП ПАРКИНГ.

Вработените во МВР своите приватни возила непрописно ги паркираат на улиците „Томе Арсовски“ и „Фредерик Шопен“, со што го попречуваат нормалното функционирање на граѓаните кои живеат во близина на црквата Св. Петка. Имајќи предвид дека се работи за тесни улици, ќе се направи систем на еднонасочен сообраќаен режим меѓу улиците „Фредрик Шопен“, „Томе Арсовски“ и ул. „474“, со што овој проблем ќе биде надминат.

## ИНТЕРАКТИВНИ WI-FI ТАБЛИ.

Интерактивните *wi-fi* табли со екран на допир поставени во парковите, улиците и други јавни места се реалност во развиените западноевропски градови. Иднината во прикажување на релевантни информации за Општината, мапи, водичи, давање електронски општински услуги, како и бесплатен *wi-fi* и е-телефонија се основните намени на овие уреди. Општина Кисела Вода ќе набави вакви уреди кои ќе бидат поставени во урбаните делови на Општината.









## ПЕНЗИОНЕРИ.

Нашите дедовци и татковци заслужуваат пристојни места за одмор и рекреација. Во идниот 4-годишниот мандат ќе бидат реконструирани сите пензионерски клубови во Општината и ќе бидат направени нови во месните заедници каде што нема.

## НОВОГОДИШЕН БАЗАР.

Децата од основните училишта традиционално пред Нова година изработуваат ликовни творби, разни производи и сл. Со цел промоција на оваа активност, Општината ќе организира новогодишен базар на кој ќе учествуваат најубавите творби од секое училиште. На тој начин ќе се промовираме талентираните дечиња и ќе ги поттикнеме за натамошен ангажман и творештво со соодветни награди.

## БИТКА НА БЕНДОВИ.

Во Кисела Вода постојат музички бендови на кои им е потребна промоција и поддршка. Со цел промоција на музичката култура,

како и промоција и поддршка на самите бендови, Општината ќе организира музички фестивал за локални бендови со награден фонд.





## ТЕХНОЛОШКИ САЕМИ.

Целта на овој проект е да се запознаат младите од нашата општина со можностите кои ги нудат бизнис-компаниите од Кисела Вода. Целта на овој проект е на едно место да се собере понудата и побарувачката за работни места и на тој начин да се поттикне и вработувањето во Општината.

## ТЕХНОЛОШКИ ПАРК ВО КИСЕЛА ВОДА.

Технолошките паркови се сметаат за водечки кластери во информатичко-технолошката индустријата, која е најбрзо растечка индустрија во светот. Технолошките паркови им обезбедуваат на своите корисници минимални даноци, финансиски инструменти, можност за слободно движење на капиталот, транспарентни прописи за примена на паметни договори, *blockhain* технологии и трансакции со крипто средства. Општината ќе ги преземе сите организациски активности од својата надлежност за обезбедување локација за овој технолошки парк и активно ќе се залага пред Владата за донесување законодавство за формализиран пристап во трговијата со крипто средствата и *blockhain* технологијата.

## ВЕЛОСИПЕДСКИ ТРКИ ОКОЛУ КИСЕЛА ВОДА.

Општината ќе организира велосипедска трка по улиците на Кисела Вода, и тоа на помала дистанца за деца во основните училита, додека за возрасните трка околу Кисела Вода со награден фонд за најдобрите на двете трки.






## ТУРНИР СО ДРОНОВИ.

Општината ќе организира *speedracing* турнир на дронови. Со мала инвестиција во изградба на потребни рампи и други реквизити низ кои треба да поминуваат дроновите за определно време Општината ќе организира турнир со награден фонд.





## КИНО НА ОТВОРЕНО.

КВК и Домот на култура во Драчево ќе имаат обврска да организираат и кинопрестави на отворено. Целта на оваа активност е промоција на културата и достапност на филмовите до сите генерации вљубеници во филмската уметност.



# 3. ПРОЕКТИ ПО УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА РАСАДНИК

- ДУП во Расадник по спроведен меѓународен конкурс
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Монтажна катна гаража за решавање на проблемот со паркирање
- Кофинансирање за енергетско ефикасни фасади и покриви (кули Расадник)
- Зголемување на капацитетите на постоечката градинка 8 Март
- Мерна станица за квалитет на воздухот во Расадник
- Повеќенаменско игралиште по донесување на ДУП „Расадник“
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиената на јавните површини
- Високообразовна институција во ДУП „Расадник“
- Ботаничка градина во Расадник
- Ново основно училиште по донесување на ДУП „Расадник“
- Поликлиника во Расадник по донесување на ДУП „Расадник“
- Изградба на парк до 10 ha по донесување на ДУП
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Интерактивни wi-fi табли во Расадник
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА 11 ОКТОМВРИ (БАРАКИ)

- Јужен Булевар - јужни паркови и зеленило до 1 ha
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Мерни станици за мерење на загаденост на воздух и бучава околу загадувачите
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиената на јавните површини
- Изградба на скејт- и адреналински парк
- Пренамена на постоечкото игралиште и повеќенаменско спортско игралиште
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Реконструкција на ул. „Браќа Грим“
- Реконструкција на ул. „Првомајска“ бр. 4

- Реконструкција на ул. „13“
- Реконструкција на крак од ул. „Лазар Димитров“
- Реконструкција на краци од ул. „4“, „8“, „10“ и „18“
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Поставување хоризонтална и вертикална сигнализација за влез на булеварот „Борис Трајковски“
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА 11 ОКТОМВРИ (ЗГРАДИ)

- Јужен булевар - јужни паркови и зеленило до 1 ha
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Мерни станици за амбиентален воздух околу загадувачите
- Кофинансирање за енергетско ефикасни фасади и покриви
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиената на јавните површини
- Монтажна катна гаража за решавање на проблемот со паркирање
- Реконструкција на постојните градинки во „11 Октомври“ (згради) и зголемување на капацитетите
- Целосна реконструкција на парковите „Шопен“ и „Пушкин“
- Во соработка со МПЦ - ОА ставање во употреба на црквата на влезот во населбата
- Функционално уредување и оплеменување на постоечката трим-патека покрај пругата со осветлување, клупи, корпи и зеленило
- Целосна реконструкција на спортското игралиште
- Изградба на урбана градина со можност за самовработување
- Во соработка со Град Скопје, пробивање на ул. „Народни херои“ и поврзување со Општина Аеродром
- Изградба на отворена/летна сцена за образовни и културни манифестации во 11 Октомври (згради)
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Во соработка со Град Скопје, реконструкција на ул. „Христо Татарчев“, од Мечкаров до Стопанска банка
- Реконструкција на ул. „Михаил Чаков“ и краците кон зградите
- Реконструкција на ул. „Пушкинова“
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа

- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА ЦРНИЧЕ

- Ревизија на сите донесени планови
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Во соработка со Град Скопје изградба на атмосферска канализација
- Реконструкција подрачното ООУ „Кузман Јосифовски-Питу
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Поврзана Кисела Вода - поврзување на ул. „Црниче“ со ул. „Димитар Мирчев“ во Општина Центар со соработка со Град Скопје
- Реконструкција на ул. „Свети Наум Охридски“
- Реконструкција на ул. „Баница“
- Реконструкција на ул. „Банско“
- Санација на скалите во Црниче и нивно осветлување
- Поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација
- Одржување на постојните и зголемување на зелените површини
- Стоп паркинг - решавање на проблемот со непрописно паркираните возила од вработени лица во МВР
- Во соработка со Град Скопје, изградба на атмосферска канализација и санирање на постоечката која доаѓа од Пржино (кај трансформаторот)
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Промена на дотраена водоводна и канализациона мрежа
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА ПРЖИНО

- Детална проверка и ревизија на ДУП „Пржино“
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Спортско-рекреативен комплекс „Пржино“ со фудбалски и повеќенаменски игралишта
- Зголемување на капацитетите на клонот од Детската градинка „8 Март“

- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Изградба на месна урбана зграда и приспособување на дел од неа за активности за сите возрасни групи
- Изградба на трим-патека од стадионот во Пржино преку Гоцево Чешмиче и црквата Св. Ѓорѓи до Припор
- Во соработка со Град Скопје, воведување автобуска линија која ќе ги поврзува Пржино  со Карпош 4
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Одржување на постојните и изградба на нови паркови до 1 ha
- Реконструкција на ул. „Пандо Кљашев“
- Реконструкција на ул. „Кавалска“
- Реконструкција на ул. „Стрмашево“
- Реконструкција на ул. „Зелен Гора“
- Реконструкција на ул. „Кара Трифун“
- Санација, чистење и одржување на каналот на падините на Водно кој ја штити населбата од поплави
- Уредување и одржување на каналите на ул. „Мариовска“
- Санација и осветлување на скалите Пржино - Црниче
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА БИРАРИЈА

- Кофинансирање на енергетско ефикасни фасади и покриви
- Поврзување на централно градско греење во соработка со операторите на топлинска енергија
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавни површини
- Во соработка со Град Скопје изградба на атмосферска канализација
- Изградба на повеќенаменско игралиште во ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“
- Стоп паркинг - решавање на проблемот со непрописно паркираните возила од вработени лица во МВР

- Реконструкција и ревитализација на постоечките паркови и зеленила
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Изградба на урбана градина со можност за самовработување
- Рехабилитација и санирање на локалните улици
- Санација на пристапните скали кон Црниче
- Обезбедување објект за месна заедница, како и простор за пензионерски клуб и НВО
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки,
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА ЦВЕТАН ДИМОВ

- Ревизија на урбанистичките планови за УЗ Цветан Димов
- Проект: Стоп за урбаната мафија,
- Јужен Булевар - јужни паркови и зеленило до 1 ha
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Кофинансирање на енергетско ефикасни фасади и покриви
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Монтажна катна гаража за решавање на проблемот со паркирање
- Промена на дотраена водоводна и канализациона мрежа (ул. „Боте Боцевски“ и др.)
- Во соработка со Град Скопје и ЕПУЦ „Васил Антевски-Дрен“, реконструкција на кошаркарското и фудбалското игралиште и уредување на дворот од училиштето
- Изградба на урбана градина со можност за самовработување
- Во соработка со Сојузот на студенти, изградба на рекреативен парк во дворот на Студентскиот дом „Пелагонија“
- Реконструкција на ул. „Вера Јоциќ“
- Реконструкција на ул. „Томе Томиќ“
- Реконструкција на ул. „Ѓорги Димитров“ во соработка со Град Скопје
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА УЗ КИСЕЛА ВОДА

- Културно-рекреативен центар „Св. Ѓорѓи“
- Дислокација на болницата на зависници
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Ставање во целосна функција на Домот на културата во Кисела Вода
- Кофинансирање на енергетско ефикасни фасади и покриви
- Одржување на постојната мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Реконструкција на фудбалското игралиште од „Цементарница“ преку јавно приватно партнерство
- Изградба на нова полициска станица
- Изградба на нова пожарна станица
- Изградба на трим-патека од Пржино преку Гоцево Чешмиче и црквата Св. Ѓорѓи до Припор
- Изградба на затворен пазар
- Изградба на урбана градина со можност за самовработување
- Реконструкција на ул. „Христо Татарчев“, крак 2 со дополнителните краци
- Реконструкција на ул. „Локов“
- Реконструкција на ул. „Христо Татарчев“, крак 15
- Реконструкција на ул. „Франк Харкорт Манинг“
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА УСЈЕ

- Пренамена на училиштето, дел во детска градинка и дел во амбуланта
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Изградба на повеќенаменски спортско-рекреативен комплекс
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини на дневно ниво
- Изградба на канализација на улиците кои не се досега опфатени
- Изградба на паркови и зеленило до 1 ha

- Санирање на сите мостови и улици од с. Усје, местото наречено Дупки
- Изградба на потпорен ѕид до месноста Дупки и изградба на тротоар од ул. „2“, Станицата за технички преглед ПСС, до автобуската постојка
- Реконструкција на ул. „5“, крак над училиштето
- Реконструкција на ул. „4“
- Реконструкција на ул. „3“, со краците кон скривниците
- Реконструкција на ул. „1“, крак кон продавницата
- Уредување на просторот и осветлување на месноста Крст
- Пробивање на земјоделски патишта во атарот на с. Усје со градежна механизација
- Мерна станица за воздух и бучава околу загадувачите
- Изградба на пристапен пат до местото наречено Каменик
- Редовно чистење и одржување на Усјански канал и покривање во еден негов дел
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА ПИНТИЈА

- Реконструкција подрачното ООУ „Рајко Жинзифов“ и изградба на спортска сала
- Јавно приватно партнерство за местото на постојната Месна заедница да се изгради деловно-трговски центар во кој ќе има маркети, банкомати, како и нови простории за Месната заедница
- Инспекциски надзор и поттикнување на решенија во процесот на отстранување на линданот од ОХИС
- Реконструкција на ул. „Саса“, од аптеката до крај на улицата
- Реконструкција на Саса 4 - крак
- Реконструкција на Саса 30 - крак
- Нова технолошка развојна зона во место наречено Чупријан
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Изградба на паркови и зеленило до 1 ha
- Поставување на хоризонтална и вертикална на влезот на ул. „1513“

- Изградба на детско катче во околина на манастирот Св. Еремија
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА СЕЛО ДРАЧЕВО

- Изградба на ново ООУ „Св. Климент Охридски“
- Изградба на детска градинка
- Изградба на Рекреативен центар „Покрсти“
- Нова населба за млади на место наречено Чупино Брдо
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Ставање во целосна функција на Домот на културата
- Креативно-едукативен центар
- Реконструкција преку јавно приватно партнерство на фудбалското игралиште на „Опсиген“
- Реконструкција на ул. „Корџевска“
- Реконструкција на ул. „Мишевска“
- Реконструкција на ул. „Партизански пат“ и доградба на 200 m кои воопшто немаат асфалт
- Реконструкција на ул. „Солунска Глава“
- Решавање на водоснабдување во делот наречен Порупа
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Решавање на проблемот на ул. „Речиште“ со фекална канализација
- Уредување на плоштад сретсело со фонтана
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Обнова на детските реквизити на детските игралишта

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА НАСЕЛБА ДРАЧЕВО

- Изградба на затворен пазар
- Изградба на спортско-рекреативен центар со затворен пливачки базен
- Изградба на професионална мотокрос-патека
- Изградба на нова технолошка развојна „Зона Драчево“
- Монтажна катна гаражи (Парк на бранители)

- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Изградба на повеќенаменско игралиште
- Реконструкција на ул. „Славка Динкова“
- Реконструкција на ул. „Живко Фирфов“ (стара „Ужичка Република“)
- Реконструкција на ул. „Румена Хаџипанзова“
- Реконструкција на ул. „Иван Хаџи Николов“ во соработка со Град Скопје
- Проширување на мостот на ул. „Киро Фетак“ во соработка со Град Скопје
- Санација на ул. „Корџевска“, „Радослав Петковски“ и „Методија Патчев“
- Реконструкција на ул. „Киро Фетак“, од пругите до мостот, заедно со краците и проширување на мостот, во соработка со Град Скопје
- Изградба на урбана градина со можност за самовработување
- Изградба на нови паркови и зеленило до 1 ha ( м.н. шумичката близу водоводот и др.)
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Кофинансирање енергетско ефикасни фасади и покриви
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Во соработка со Град Скопје, именување на улица во чест на Бобан Трпков
- Реконструкција на фудбалското игралиште на ССК „Драчево“ преку јавно приватно партнерство
- Обезбедување услови за тренинг и одржување на натпревари за РК „Драчево“
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Промена на дотраена водоводна и канализациона мрежа,
- Поставување интерактивна *wi-fi* табла
- Изградба на нови детски катчиња
- Проекти за обнова на ПРИПОР
- Во соработка со Град Скопје, изградба на фекална канализација во Бабин Дол, како и изградба на атмосферска канализација
- Поврзана Кисела Вода - изградба на нова улица од влезот на ул. „14“, лево по долот до последната постојка на автобулката линија 24-ка и креирање систем на еднонасочен сообраќај

- Изградба на паркови и зеленило до 50 ha на местото на поранешниот Расадник
- Реконструкција на краци од ул. „Христо Татарчев“: 20, 24 и 25
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Мерна станица за квалитет на воздухот и бучава околу загадувачите
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Во местото Горни Припор, над последната автобуската постојка на 24-ка, изградба на детско катче и места за рекреација (сеници и спортско катче)
- Целосна реконструкција на игралиштето и детското катче во Теферич
- Во соработка со Град Скопје, пуштање на автобуска линија по ул. „14“ со минибус
- Изградба на трим-патека од Пржино преку Гоцево Чешмиче и црквата Св. Ѓорѓи до Припор
- Хоризонтална и вертикална сигнализација по должина на ул. „Христо Татарчев“
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА ПОТСТАНИЦА

- Целосна реконструкција, проширување и изградба на тротоари на ул. „Сердарот“ (од железничка рампа до Месната заедница)
- Поправка (пределување на бекатонот) на споредните улици
- Проект: Стоп за урбаната мафија,
- Темелно чистење на атмосферскиот канал, како и расчистување на депониите по течението на реката Мала Рада
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Поставување на нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Промена на дотраена водоводна и канализациска мрежа
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА СТАКЛАРА КАМЕНИК

- Отворање месна заедница
- Асфалтирање на главната улица
- Изградба на нов влез во населбата Стаклара
- Изградба на пешачка патека од населбата до булеварот „Борис Трајковски“
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Мерна станица за квалитет на воздухот
- Еко Кисела Вода - одржување на хигиена на јавните површини
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Промена на дотраена водоводна и канализациона мрежа
- Изградба на нови детски катчиња

## ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВА НА ГРАДИНАР

- Јужен булевар - јужни паркови и зеленило до 1 ha
- Проект: Стоп за урбаната мафија
- Изградба на канализација
- Асфалтирање на краците на ул. „1“
- Реконструкција на ул. „7“, каде што е завршено поставувањето на канализациската мрежа
- Реконструкција на краците на булеварот „Борис Трајковски“
- Поставување нов систем за осветлување, замена на постојните светилки со ЛЕД штедливи светилки
- Изградба на детско игралиште

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*